# Телефонски апарат

# XL-2023ID

Корисничко упатство

Верзија 1.02



# 1.Вовед

Ви благодариме што го одбравте телефонскиот апарат Slican XL-2023ID. Овај производ е модерен аналоген телефон опремен со LCD екран, телефонски именик, спикерфон, листа на дојдовни и бирани броеви и многу други корисни карактеристики. Сите карактеристики на телефонот се наброени во поглавјето **Листа на карактеристики**.

Пред да го поврзете телефонот во приклучокот наменет за него треба да ја проверите содржината на пакувањето.

Сосема ново пакување треба да содржи:

- Телефонска база
- Слушалка со соодветен кабел
- Кабел за приклучување на телефонска линија
- Корисничко упатство

ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛИНИСКИОТ КАБЕЛ

Еднит крај од кабелот поврзете го во соодветниот приклучок на телефонот, а потоа другиот крај во соодветниот линиски приклучок.

## 2.Местоположба на контролните копчиња




*Слика 2.1: Местоположба на контролните копчиња*

1. Индикатор за тоа дали апаратот е во употреба
2. LCD екран
3. Индикатор на нов повик
4. M1~M10 мемориски копчиња
5. Копче за Телефонски именик
6. FLASH копче
7. Копче за Спикерфон
8. Копче за Повторно бирање/Пауза (RD/P)
9. Копче за пригушување на звукот
10. Копче за подесување
11. Копче за движење надолу ( ▼ )
12. Копче за бришење/откажување
13. Копче за Мени
14. Копче за движење нагоре ( ▲ )
15. Копче за бирање
16. Копче за меморирање
17. AUTO копче
18. Копче за зголемување на јачината на звукот – (VOL -)
19. Копче за намалување на јачината на звукот + (VOL+)



*Слика 2.2: Приклучок за телефонска линија*

# 3. Функциски копчиња

## 3.1 Подесување на јачината на ѕвонењето

Кога слушалката е подигната може да притиснете на копчињата **VOL+** или **VOL-** за да ја подесите јачината на ѕвонењето (може да се одберат 4 нивоа на јачина). LCD екранот ќе ја прикаже моменталната јачина, на пример: **RING VOLUME 2**.

## 3.2 Функција за повторно бирање на бројот

Подигнете ја слушалката или притиснете на копчето за спикерфонот. Потоа притиснете на копчето **RD/P** за повторно да го бирате последниот биран број.

## 3.3 Функција на Спикерфон

За да го пренасочите вашиот повик на спикерфон само притиснете го копчето Спикерфон и спуштете ја слушалката. Со подигнување на слушалката се прекинува функцијата на спикерфон. Во режим на работа на Спикерфон може да бирате броеви и остварувате појдовни повици како и да одговарате на дојдовни повици.

## 3.4 Flash Функција

Со притискање на копчето **FLASH** може да прекинете одреден повик и да воспоставите друг повик или да превземете друг повик кој бил ставен на чекање - **Call Waiting** (специјален телефонски сервис).

**Забелешка:** Доколку го немате овај специјален телефонски сервис (**Call Waiting)** со притискање на копчето **FLASH** за време на разговор може да прекинете моменталната конверзација.

## *3.5 Функција за пригушување на звукот*

Ако сакате да зборувате приватно со некој друг во просторијата без тој разговор да биде чуен од некого од другата страна на телефонот, притиснете го копчето **MUTE** за пригушување на звукот и на LCD екранот ќе се појави **MUTE.** За да го вратите разговорот во нормала притиснете го копчето **MUTE** уште еднаш.

## *3.6 Функција за Пауза*

Оваа функција дозволува да се внесе привремена пауза за време на бирањето на бројот. Како пример при бирањето на интернационален број (на пример 011-886-22-795-1234) некои системи на телефонски компании нема да го регистрираат бројот ако не се внесе пауза меѓу броевите кои ги означуваат префиксите. Можеби ќе треба да бирате 011 - **RD/P**, dial 886 – **RD/P** па потоа останатите бројки.

## *3.7 One-touch меморија*

- **Меморирање на број во one-touch меморијата**
  Најпрво внесете го бројот кој сакате да го меморирате и потоа притиснете на соодветното мемориско копче (**M1~M10**) и задржете се додека на LCD екранот не се појави **SAVE OK**.

  **Забелешка:** Со внесување на број на нов број на мемориско копче на кое веќе бил мемориран некој стар број, стариот број се брише и на тоа место е мемориран новиот број.

- **Преглед на броевите во one-touch меморијата**
  При подигната слушалка со притискање на едно од мемориските копчиња (**M1~M10**) на LCD екранот се прикажува бројот кој е мемориран на соодветното копче.

  **Забелешка:** Ако на копчето кое го притиснете не е мемориран број на LCD екранот ќе се прикаже **MEMORY IS EMPTY** .

- **Бирање на број од one-touch меморијата**
  Подигнете ја слушалката или вклучете го спикерфонот и потоа притиснете на едно од мемориските копчиња (**M1~M10**) за да го бирате бројот.

## *3.8 Two-touch меморија*

- **Меморирање на број во two-touch меморијата**
  Може да меморирате 10 броја во two-touch меморијата. Меморирањето може да се прави и при подигната слушалка како и при спуштена.
  1. Притиснете го копчето **STORE** и на LCD екранот ќе се појави '**-->**'.
  2. Внесете го бројот кој што сакате да го меморирате
  3. Притиснете го копчето **STORE** усте еднаш и на LCD екранот ќе се појави'**-->**'..
  4. Внесете ја локацијата на која сакате да го меморирате бројот (**0** - **9**) и на екранот ќе се појави **SAVE OK**.
- **Бирање на број од two-touch меморијата**
  1. Подигнете ја слушалката или активирајте го спикерфонот.
  2. Притиснете го копчето **AUTO** и потоа локацијата (0-9) на која се наоѓа

бројот кој што сакате да го бирате.

- **Преглед на броевите од two-touch меморијатау**
  При подигната слушалка притиснете **AUTO** и потоа локацијата (0-9) и бројот кој е мемориран на соодветната локација ќе се прикаже на LCD екранот.

## 3.9 Функција на телефонски именик

Може да меморирате 99 броеви и имиња во телефонскиот именик. Подетално за телефонскиот именик во поглавјето **ФУНКЦИСКИ ОПЕРАЦИИ** во секцијата **ТЕЛЕФОНСКИ ИМЕНИК.**

## 3.10 Подесување на јачината на звукот на слушалката и на Спикерфонот

За време на разговор користејќи слушалка или спикерфон со притискање на копчињата **VOL+** or **VOL-** може да се подеси јачината на звукот на слушалката или на спикерфонот (може да се избере од 8 нивоа на јачина) Моменталнота состојба ќе биде прикажана на екранот, на пример: **SPEAKER VOLUME 2.**

## 3.11 Подесување на тајмерот

Кога вашиот телефон е во употреба со притискање на копчето **FLASH** еднаш може да го рестартирате тајмерот.

## 3.12 Индикатор на нов повик

Ако има нови повици на вашиот телефон индикаторот на нов повик ќе светка се додека не ја прегледате листата на нови повици, или не притиснете некое копче или ја подигнете слушалката.

## 3.13 Индикатор за тоа дали апаратот е во употреба

Овај индикатор се приклучува при подигнување на слушалката или при притискање на копчето за приклучување на спикерфонот.

# 4. Функциски операции

Во ова поглавје се опишани специјалните функции на телефонот. За да влезете во режим на подесување притиснете го копчето **MENU** еднаш, или копчето **DEL** двапати. Движењето низ менито се врши со копчињата ▲ и ▼. Редоследот е следниот **PHONE BOOK** - **SET RING** - **LCD CONTRAST** - **DIAL MODE** - **SET TIME** - **SET LANGUAGE** - **SET FLASH** - **HOUR FORMAT** - **DATE FORMAT** - **FACTORY RESET**. Притиснете го копчето **DIAL** за да потврдите, или притиснете **DEL** за да откажите.

## *4.1 Телефонски именик*

### 4.1.1 Додавање на нов број во телефонскиот именик

За да се внесе број и име во телефонскиот именик треба да биде изведена следната операција:

| Тастер | Карактери | Тастер | Карактери |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 % & ( ) [ ] + | 6 | M N O 6 |
| 2 | A B C 2 | 7 | P Q R S 7 |
| 3 | D E F 3 | 8 | T U V Ü 8 |
| 4 | G H I 4 | 9 | W X Y Z 9 |
| 5 | J K L 5 | 0 | Å Ä Ö Æ |
| * | * @ _ - ' " $ | # | (spc) # |

*Табела 4.1: Внесување на алфанумерички знаци од телефонската тастатура*

1. Со притискање на копчето **DIAL** за да го изберете менито на телефонскиот именик на екранот ќе се појави ознаката **REVIEW**. Со притискање на копчето ▲ или копчето ▼ се одбира менито за додавање на нов број **ADD**. Со притискање на копчето **DIAL** се избира функцијата за внесување на име и број ( оваа функција може да се избере и директно со притискање и задржување на копчето за телефонскиот именик).

2. Внесете го телефонскиот број преку тастатурата. Со притискање на копчето **DEL** се бришат претходните цифри. Максималниот број на цифри кој може да се внесе е 20, а ако се продолжи со понатамошно внесување на екранот ќе се прикаже известување **TOO LONG** и дополнителните цифри нема да бидат меморирани.

3. По внесувањето на бројот притиснете и задржете на копчето околу 3 секунди (или притиснете еднаш на копчето за телефонски именик) за да може да го внесете името. Карактерите на името се внесуваат преку соодветните тастери на телефонот. Со копчето DEL се брише претходно внесениот карактер.

4. Кога подесувањето е комплетирано притиснете и задржете на копчето **DIAL** (или притиснете еднаш на копчето за телефонски именик) за да да го зачувате записот. За да излезете од ова мени притиснете на копчето **DEL** .

### 4.1.2 Преглед на записите во телефонскиот именик

За да се изврши преглед на некој број/име во телефонскиот именик треба да се извршат следните операции:

1. Притиснете на копчето **DIAL** за да го одберете менито телефонски именик и на екран ќе се појави **REVIEW**. Притиснете го копчето **DIAL** за да ја одберете функцијата за преглед на името и бројот (исто така може да притиснете еднаш на копчето за телефонски именик и на екран ќе се појави **Phonebook**).

   Користете ги копчињата ▲ и ▼ за прегледување. Исто така може и брзо да пребарувате по првата буква од името, само притиснете ја првата буква од името и на екран ќе се појават соодветните имиња, па со копчињата ▲ и ▼ може да дојдете до тој запис кој ви е потребен.
2. При подигната слушалка притиснете ја секвенцата на бројот + # за преглед, на пример ако сакате да го прегледате седмиот број само притиснете 7# и на LCD екранот ќе се прикаже седмиот број/име. Во оваа состојба може да продолжите со прегледот користејќи ги копчињата ▲ и ▼.
3. Исто така брз преглед низ телефонскиот именик е можен и со притискање и задржување околу 3 секунди на копчето ▲ или на копчето▼.

**Забелешка:** Ако бројот е поголем од 13 цифри, ќе биде прикажана стрелка на долниот десен агол на LCD екранот и со притискање на копчето ▲ или ▼ може да се видат останатите цифри од бројот.

### 4.1.3 Брзо бирање на број од телефонскиот именик

За брзо бирање на број од телефонскиот именик за време на процесот на прегледување користете ги копчињата ▲ и ▼ за да го одберете бројот кој што сакате да го бирате, и кога тој број ќе се прикаже на екранот само подигнете ја слушалката или притиснете го копчето за спикерфонот.

### 4.1.4 Измена на име во телефонскиот именик

За измена на име од телефонскиот именик за време на процесот на прегледување користете ги копчињата ▲ и ▼ за да го одберете бројот кој што сакате да го бирате, и кога тој број ќе се прикаже на екранот притиснете и задржете на копчето за спикерфонот околу 3 секунди. Потоа првиот карактер од името ќе трепка и може да се пристапи кон измена на името.

### 4.1.5 Бришење на број од телефонскиот именик

За да избришете еден број од телефонскиот именик го притискате копчето **DEL** кога соодветниот број е прикажан на екранот при што на екранот се појавува прашањето **DELETE?**. Притиснете на **DEL** повторно за да го избришете бројот.

### 4.1.6 Копирање на Идентификација на повикувачот во телефонскиот именик

За да ја копирате Идентификацијата на повикувачот (еден од 15-те последно бирани броеви) во телефонскиот именик, кога на екран ќе се прикаже оваа Идентификација притиснете и задржете околу 3 секунди на копчето за телефонскиот именик за до го внесете бројот во телефонскиот именик. Потоа првата буква од името ќе почне да трепка што значи дека може да го измените името и потоа со притискање на копчето за телефонскиот именик да го потврдите записот. Со притискање на копчето **DEL** може да се вратите во standby режим.

## *4.2 Подесувања на ѕвонењето*

Кога ознаката **SET RING** ќе се појави на LCD екранот притиснете го копчето **DIAL**. Со користење на копчињата ▲ и ▼ може да се движите низ подменијата.

| | |
|---|---|
| SET RING | RING TYPE |
| | RING VOLUME |

*Табела 4.2: Подменија во менито за подесување на ѕвонењето*

1. Одберете **RING TYPE** и притиснете **DIAL** за да потврдите.
2. Користете ги копчињата ▲ и ▼ за да одберете една од мелодиите кои се на располагање (вкупно 5). Моменталното подесување ќе се прикаже на екранот, на пример: **RING 4**.
3. Притиснете **DIAL** за да потврдите.

или

1. Одберете **RING VOLUME** и притиснете **DIAL** за да потврдите.
2. Користете ги копчињата ▲ и ▼ за да ја одберете саканата јачина на ѕвонењето (4 нивоа). Ако сакате да го исклучите ѕвонењето одберете **RING OFF**. Моменталното подесување ќе се прикаже на екранот, на пример: **RING VOLUME 2**.
3. Притиснете **DIAL** за да потврдите.

## *4.3 Подесување на контрастот на LCD*

Кога на екран ќе се прикаже ознаката **LCD CONTRAST,** притиснете го копчето **DIAL** за да влезете во подесувањето на контрастот на LCD. Моменталното ниво на контраст (8 нивоа) ќе се прикаже на екранот, на пример: **SET CONTRAST 7** и со копчињата ▲ и ▼ се бира саканото ниво. Притиснете **DIAL** за да потврдите и излезете.

**Забелешка**: За подесување на контрастот на LCD може да се користи и копчето **SET** .

## *4.4 Одбирање на начинот на бирање*

Кога на екран ќе се прикаже ознаката **DIAL MODE,** притиснете го копчето **DIAL** за да влезете во подесувањето на начинот на бирање. Тогаш на екран ќе се прикаже

моменталниот начин на бирање (**TONE**/**PULSE**). Притиснете ▲ или ▼ за да одберете. Притиснете **DIAL** за да потврдите и излезете.

## *4.5 Подесување на времето*

Кога ознаката **SET TIME** ќе се појави на екран, притиснете на копчето **DIAL.**
Користете ги копчињата ▲ или ▼ за да го одберете точниот број. Притиснете на копчето **DIAL** за да потврдите и поминете на следната цифра. Притиснете на копчето **DEL** за да излезете од ова подесување.

**Забелешки**:
1. При примање на повик, времето и датумот се подесуваат автоматски ако го имате сервисот за Идентификација на повикувачот (FSK стандард).
2. Секвенцата на подесување е час – минута – месец – ден - година.
3. После подесувањето на годината денот во седмицата се подесува автоматски.
Годината мора да се избере за да се обезбеди правилно прикажување на седмицата.

## *4.6 Одбирање на јазикот*

Апаратот ги поддржува следните јазици: Англиски, Грчки, Чешки, Португалски, Турски, Италијански, Австралиски, Шпански, Холандски, Француски, Германски, Полски, Шведски, Дански, Фински и Норвешки. За да го одберете јазикот притиснете на копчето **DIAL** кога на екран ќе се прикаже **SET LANGUAGE**. Користете ги копчињата ▲ и ▼ за да го одберете јазикот и притиснете **DIAL** за да потврдите и излезете.

## *4.7 Подесување на префикс и кодот за меѓународни повици LDS (Long Distance Code Settings)*

Овие подесувања може да се прават само кога е одбран "Англискиот", "Полскиот", "Грчкиот", "Австралискиот", "Чешкиот" и "Турскиот" јазик и само при отворена слушалка. Кога за прв пат го користите телефонот, или преминувате во област со друг повикувачки број мора да го внесете овај број. Ова е неопходно бидејќи телефонот мора да ги разликува локалните и меѓународните повици за да може правилно да се бира од листата на Идентификации на повиците.
1. Притиснете го копчето DIAL кога на екран е прикажано SET PREFIX&LDS за да влезете во подесувањето.
2. Користете ја тастатурата за да го внесите повикувачкиот број на областа во која се наоѓате.
3. Кога ќе го внесете повикувачкиот број на екран се појавува SET LDS CODE.
Внесете го кодот за меѓенародни повици и притиснете на копчето DIAL.
4. Притиснете DEL за да излезете.

## *4.8 Подесувања на Flash*

Кога на екран ќе се појави **SET FLASH** притиснете на копчето **DIAL** за да влезете во ова подесување. На екранот ќе се прикаже моменталната вредност. Користете ги копчињата ▲ и ▼ за да го подесите ова време (100ms/l20ms/300ms/600ms). Притиснете **DIAL** за да потврдите и излезете.

### *4.9 Одбирање на форматот на прикажување на времето*

Кога на екран ќе се појави **HOUR FORMAT** притиснете на копчето **DIAL** за да влезете во ова подесување. На екранот ќе се прикаже моменталнато подесување. Користете ги копчињата ▲ и ▼за да го изберете форматот (**12 HOUR**/**24 HOUR**). Притиснете **DIAL** за да потврдите и излезете.

### *4.10 Одбирање на форматот на прикажување на датумот*

Кога на екран ќе се појави **DATE FORMAT** притиснете на копчето **DIAL** за да влезете во ова подесување. На екранот ќе се прикаже моменталнато подесување. Користете ги копчињата ▲ и ▼за да го изберете форматот (**DD-MM**/**MM-DD**). Притиснете **DIAL** за да потврдите и излезете.

### *4.11 Ресетирање на фабрички подесувања*

Кога ознаката **FACTORY RESET** ќе се прикаже на LCD екранот притиснете **DIAL** за да влезете во овие подесувања. Потоа на екранот ќе се прикаже ознаката **RESET (Y/N)?**. Ако сакате да го ресетирате телефонот на фабричките подесувања тогаш притиснете **DIAL,** а ако не тогаш притиснете на копчето ▲ или ▼, или притиснете на копчето **DEL** за да излезете од ова мени.

## 5. Записи за повиците

Идентификацијата на дојдовниот повик се состои од следната информација:




*Слика 5.1: LCD екранот за време на дојдовен повик*




*Слика 5.2: LCD екран во stand-by режим*

## 6. Известувања за пораки на екранот




*Слика 6.1: LCD екран*

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НОВА ПОРАКА** – Доколку имате сервис за говорна пошта од вашиот оператор и добиете нова порака тогаш на екранот ќе се прикаже ознаката **MESSAGE WAITING**. Иконата во форма на плико се појавува во горниот лев агол. Оваа икона останува се додека не ја преслушате вашата говорна порака.




*Слика 6.2: Известување за нова порака*

**Забелешка**: Оваа функција треба да биде поддржана од вашата телефонска компанија.

**НЕМАТЕ ПОВИК** – Кога сите повици ќе бидат избришани ознаката **NO CALL** ќе биде прикажана на LCD екранот.




*Слика 6.3: Нема нов повик*

**СИТЕ И НОВИ ПОВИЦИ** – оваа ознака ги прикажува сите и новите повици. Во примерот од сликата прикажани се повиците од ПОНЕДЕЛНИК – 2 нови повици, а бројот на сите повици е 4.




*Слика 6.4.: Сите и нови повици*

**ПРИВАТЕН** - Ако повикувачот користи CLIR сервис за да го прикрие своето име и број тогаш на екран ќе се појави ознаката **PRIVATE**.




*Слика 6.5: Приватен повик*

**ПОВИЦИ КОИ СЕ ПОВТОРУВААТ** – Ако некој повик се повторува тогаш на екранот во горниот десен агол ќе се појави иконата +.




*Слика 6.6: Повици кои се повторуваат*

**КРАЈ НА ЛИСТАТА** - Ознаката **END OF LIST** се прикажува на LCD екранот кога ќе се стигне до крајот на листата на повици. Ако немате повик тогаш ознаката **NO CALL** се прикажува на LCD екранот.




*Слика 6.7: Крај на листата*

**НАДВОР ОД ОБЛАСТА** – Оваа порака се прикажува доколку повикувачот се наоѓа во област во која телефонската компанија не нуди сервис на идентификација на повикот.




*Слика 6.8: Надвор од областа*

## 7. Користење на батериите

Во телефонскиот апарат XL-2023ID е вклучена и комора за батерии кон која може да се пристапи од долната страна на апаратот. Оваа комора е дизајнирана за AA батерии. Батериите не се неопходни за правилно функционирање на апаратот, но се препорачува нивната употреба. Со користење на батерии значајно се подобрува аудио квалитетот на спикерфонот. Ако аудио квалитетот варира и не е задоволителен треба да се заменат батериите.

## 8. Листа на карактеристики

1. Двоен систем (FSK и DTMF) за идентификација
2. Зачувува минимум 80 дојдовни повици (име и број на повикувач, датум и време на повикот)
3. Зачувува до 15 појдовни повици
4. Зачувува до 99 броеви во телефонскиот именик
5. LCD екранот ги прикажува повикувачкте име и број
6. Можност за избор на контраст на LCD екранот
7. Call-back функција
8. Бришење на одделни или на сите записи
9. Real-time часовник (Set time)
10. Индикатор на нов повик
11. Можност за одбирање на различни јазици
12. Функција на известување за пораки
13. Повторно бирање на последно бираниот број (Redial)
14. Спикерфон
15. 10 one-touch мемориски записи
16. 10 two-touch мемориски записи
17. Flash, Pause, Mute
18. Одбирање на начинот на бирање (пулсно или тонско)
19. Flash time подесување
20. Променлива јачина на звук на гласот
21. Променлива јачина на звук на ѕвонење/тип на ѕвонење
22. Тајмер